# Превенција и ублажување на КОВИД-19 на работа за мали и средни претпријатија

# АКЦИСКА ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА И ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

Август 2020

# Превенција и ублажување на КОВИД-19 на работа за мали и средни претпријатија

## АКЦИСКА ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА И ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

International Labour Organization

VISION ZERO FUND

SAFETY + HEALTH FOR ALL

SCORE
Sustaining Competitive and Responsible Enterprises

Copyright © International Labour Organization 2020
Прво издание 2020

Изданијата на Меѓународната канцеларија на трудот се предмет на авторски права врз основа на Протокол 2 на Универзалната конвенција за авторски права. Меѓутоа, кратки извадоци може да се репродуцираат без одобрение, под услов да се наведе изворот. Барањето за права за репродукција или превод треба да се поднесе до ILO Publications (Rights and Licensing), International Labour Office, CH-1211 Geneva 22, Switzerland или на следната електронска пошта: rights@ilo.org. Меѓународната канцеларија на трудот ги поздравува таквите барања.

Библиотеките, институциите и другите корисници што се регистрирани кај поврзаните Организации за права за репродукција, може да прават копии во согласност со лиценците што им се издадени за таа намена. Посетете ја www.ifrro.org за да најдете организација за права за репродукција во вашата земја.

---

*Наслов: Превенција и ублажување на КОВИД-19 на работа за мали и средни претпријатија: Акциска листа за проверка и последователни активности (издание на македонски јазик)*

ISBN: 9789220335680 (Web PDF))

Исто така достапно и на англиски јазик: *Prevention and mitigation of COVID-19 at work for small and medium-sized enterprises (Macedonian edition): Action checklist and follow-up,* ISBN 9789220327760 (print)

ISBN 9789220327777 (web PDF); француски јазик: *Prévention et limitation de la propagation de la COVID-19 sur les lieux de travail des petites et moyennes entreprises: Check-list des mesures à prendre et à suivre,* ISBN 9789220327784 (print), 9789220327791 (web PDF); и шпански јазик: *Prevención y mitigación de COVID-19 en el trabajo para pequeñas y medianas empresas: Lista de comprobación y manual de comprobación,* ISBN 9789220327807 (print), ISBN 9789220327814 (web PDF)

Ознаките што се користат во изданијата на МОТ, што се во согласност со практиката на Обединетите нации, и презентацијата на материјалот содржан во нив не подразбираат изразување на какво било мислење од страна на Меѓународната канцеларија на трудот во врска со правниот статус на која било земја, област или територија, на нејзините власти или во врска со нејзините граници.

Одговорноста за ставовите што се изнесени во потпишаните статии, студии и останати прилози ја поднесуваат исклучиво нивните автори, а изданието не претставува одобрување од страна на Меѓународната канцеларија на трудот за изнесените мислења.

Упатувањата до називи на фирми и комерцијални производи и процеси не повлекуваат нивно одобрување од страна на Меѓународната канцеларија на трудот, а секое неспомнување на некоја конкретна фирма, комерцијален производ или процес не е знак на неодобрување.

Информации за изданијата и електронските производи на МОТ може да се најдат на: www.ilo.org/publns.

---

International Labour Organization

Преводот на оваа публикација е изработен во рамките на проектот Зајакнување на социјалниот дијалог, проект финансиран од Европската Унија, а го спроведува Меѓународната организација на трудот.

Преводот на оваа публикација е изготвен со финансиска помош на Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува официјалните мислења на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


1. Предговор 7

2. За пандемијата на КОВИД-19 7

3. Зошто е потребно вашето претпријатие да воспостави мерки за превенција и ублажување на КОВИД-19? 9

4. КОВИД-19 - Акциска листа за проверка за МСП: преглед и како да се користи оваа листа за проверка 10

5. КОВИД-19 - Акциски листи за проверка за МСП: детални белешки за точките за проверка 20

   I. Собирајте и споделувајте ажурирани информации 20

   II. Изработете план за подготвеност на компанијата 21

   III. Направете проценка на ризик 23

   IV. Организирајте ја работата 26

   V. Заштитете и поддржете ги работниците 34

6. Акциски план и последователни активности 37

Annex I: Акциски план и формулар за последователни активности за Листата за проверка за МСП 39

Annex II: Извори на информации 42

# Акроними и скратеници

| | |
|---|---|
| **КОВИД-19** | Коронавирус заболување од 2019 год.[1] |
| **БЗР** | Безбедност и здравје при работа |
| **ЛЗО** | Лична заштитна опрема |
| **САРС-КоВ-2** | Тежок акутен респираторен синдром Коронавирус 2 |
| **МСП** | Мали и средни претпријатија |

1. По насоки на СЗО, во овој документ вирусот се ословува како „вирусот одговорен за КОВИД-19" или „вирусот КОВИД-19". Видете https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/technical-guidance/naming-the-coronavirus-disease-(covid-2019)-and-the-virus-that-causes-it

## 1. ПРЕДГОВОР

Овој документ има за цел да понуди основни информации за спречувањето на КОВИД-19 на работното место, причинет од вирусот САРС-КоВ-2 што се шири низ целиот свет. Документот содржи Акциска листа за проверка за мали и средни претпријатија (МСП) за да се проценат ризиците од КОВИД-19 и информации за преземање мерки за да се заштити безбедноста и здравјето на нивните работници.

Иако се очекува дека овие мерки и препораки се корисни во случај на епидемија на други болести, во примената на Акциската листа на проверка некои сектори или претпријатија може да идентификуваат дека се потребни дополнителни контроли. Бидејќи сознанијата за вирусот и болеста постојано се развиваат, се препорачува алатките, мерките и политиките редовно да се ажурираат за да се обезбеди врвно превентивно и поправно дејствување, при што секогаш ќе се следат домашните закони и прописи.

## 2. ЗА ПАНДЕМИЈАТА НА КОВИД-19

Во изминатите две децении, светот посведочи повеќе епидемии на инфективни заболувања со многу висока стапка на ширење.

Во моментов во некои делови од светот расте загриженоста поради континуираното ширење на КОВИД-19, а во други пак за предизвикот да се одржи намалена стапка на ширење. Владите, работодавачите, работниците и нивните организации се соочуваат со огромни предизвици во обидот да се изборат со пандемијата на КОВИД-19 и да ја заштитат безбедноста и здравјето на работа.

## ▶ Табела 1 – Клучни информации за КОВИД-19

Во јануари 2020 год., Светската здравствена организација (СЗО) го прогласи **избивањето на епидемијата на ново заболување од коронавирус** во провинцијата Хубеи, Кина, за Вонредна состојба по јавното здравје од меѓународни размери.

**Два месеци подоцна, на 11 март 2020 год., СЗО ја прогласи епидемијата на КОВИД-19 за пандемија.**

### Што е коронавирус?

Коронавирусите се голема фамилија вируси што вообичаено се сретнуваат кај животните, а можат да предизвикаат заболувања кај животните и луѓето. Понекогаш се случува луѓето да се инфицираат со овие вируси, а потоа вирусот да се пренесе и на други луѓе. Познати се неколку коронавируси што кај луѓето предизвикуваат респираторни инфекции, почнувајќи од благи, како што е вообичаената настинка, па до тешки заболувања како што се Респираторниот синдром на Блискиот Исток (МЕРС) и Тешкиот акутен респираторен синдром (САРС). Новооткриениот коронавирус го предизвикува заболувањето КОВИД-19.

### Што е КОВИД-19?

Заболувањето коронавирус (КОВИД-19) е инфективно заболување предизвикано од новооткриениот коронавирус и е познато како Тежок акутен респираторен синдром коронавирус 2 (САРС-КоВ-2). Првите случаи на КОВИД-19 кај луѓе се идентификувани во градот Вухан во Кина, во декември 2019.

### Колку трае инкубациониот период на КОВИД-19?

Се проценува дека инкубациониот период се движи од 1-14 дена, а во најголемиот број случаи тој изнесува околу 5 дена.

### Како се пренесува КОВИД-19?

Кога некој што има КОВИД-19 кашла или издишува, во воздухот исфрла ситни капки со инфицирана течност. Доколку до лицето што има КОВИД-19 стојат луѓе на растојание помало од 1 метар, тие можат да се заразат со вдишување на ситните капки што ги исфрлило заболеното лице при кашлање или со издишувањето. Дополнително, најголемиот дел од овие ситни капки паѓаат на околните предмети, како што се работните површини, масите или телефоните. Луѓето можат да се заразат со КОВИД-19 ако ги допрат контаминираните површини или предмети, и потоа ги допрат своите очи, нос или уста.

### Кои се симптомите на КОВИД-19?

Најчести симптоми на КОВИД-19 се треска, замор и сува кашлица. Некои пациенти може да имаат болки, назална преоптовареност, течење на носот, болки во грлото или дијареја. Овие симптоми обично се умерени и започнуваат постепено. Некои луѓе се заразуваат, но не развиваат никакви симптоми и не се чувствуваат лошо. Сепак, според досегашните сознанија, околу 1 на секои 6 лица кои се здобиле со КОВИД-19 стануваат сериозно болни и развиваат отежнато дишење. Возрасните лица и оние со веќе постоечки медицински проблеми имаат поголема веројатност да развијат сериозни заболувања.

За повеќе информации, прочитајте ги Прашањата и одговорите на СЗО за коронавирусот (КОВИД-19) достапни на: https://www.who.int/news-room/q-a-detail/q-a-coronaviruses

Извор: In the face of a pandemic: Ensuring safety and health at work- Женева: МОТ 2020.

# 3. ЗОШТО Е ПОТРЕБНО ВАШЕТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ДА ВОСПОСТАВИ МЕРКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И УБЛАЖУВАЊЕ НА КОВИД-19?

Оваа пандемија има огромно економско и социјално влијание врз работниците од сите сектори на економијата и сите видови бизниси, особено МСП и неформалната економија, со невидено намалување на економската активност и работното време. МОТ проценува дека загубите на работни часови се влошени во првата половина на 2020 год., особено во земјите во развој. За првиот квартал од годината се проценува дека се изгубени 5,4 проценти од глобалните работни часови (што е еднакво на 155 милиони работни места со полно работно време), споредено со последниот квартал од 2019 год. Во вториот квартал од 2020, споредено со последниот квартал од 2019 год., се очекува загубата на работни часови да достигне 14,0 проценти на светско ниво (што е еднакво на 400 милиони вработувања со полно работно време).[2] Податоците укажуваат дека работниците во земјите во развој, особено оние работници во неформално вработување, се повеќе погодени во споредба со претходни кризи. МОТ проценува дека речиси 1,6 милијарди работници во неформалната економија - 76 проценти од неформалните работници на светско ниво - значително биле засегнати од рестриктивните мерки и/или работат во најтешко погодените сектори, како големопродажбата и малопродажбата, производството, сместувањето и прехранбените услуги, во кои жените сочинуваат најголем дел од работната сила.[3] Покрај тоа, кризата со КОВИД-19 непропорционално влијае на работничките во многу сектори и постои ризик да се изгуби дел од придобивките постигнати во изминатите децении и да се засилат родовите нееднаквости на пазарот на трудот.[4]

Покрај моменталната криза, загрижува и можноста повторното продолжување на економската активност да го забави напредокот што е постигнат во однос на намалувањето на трансмисијата.

Иако органите одговорни за јавното здравје низ целиот свет работат на сузбивање на појавата на КОВИД-19, нивните напори може да се безуспешни ако претпријатијата не воспостават мерки за спречување и ублажување на болеста на работните места. Особено треба да се истакне дека:

- Работодавачите имаат целосна одговорност да се обезбеди преземање на сите применливи превентивни и заштитни мерки за да се минимизира професионалниот ризик и може да се санкционираат за прекршување или занемарување на домашната законска рамка.
- Ако работното место е контаминирано со вирусот, тој може да се пренесе на луѓето што имаат интеракција со работниците. Тука се опфатени семејствата на вашите вработени, доставувачите, купувачите и општо јавноста.
- Инфекцијата на работниците може директно или индиректно да ја намали продуктивноста на неколку начини и може негативно да влијае на бизнисот, вклучително и како:

2 МОТ Монитор: КОВИД-19 и светот на работата. Петто издание. 30 јуни 2020 год.
3 МОТ Монитор: КОВИД-19 и светот на работата. Четврто издание. 27 мај 2020.
4 МОТ Монитор: КОВИД-19 и светот на работата. Петто издание. 30 јуни 2020.

- прекин на работата и загуба во тековното производство поради отсуство на работниците;
- намалена мотивираност за работа, намален елан на работна сила и зголемени отсуства;
- трошоци за преквалификација на работниците и евентуално ангажирање заменски работници;
- парични казни или законски постапки како резултат на нарушено здравје.

Ако вашето претпријатие не е подготвено, мора да се подготви СЕГА. Дури и да се пријавени само неколку случаи во вашата земја, силно се препорачува моментална верификација и/или делување за да се ограничи пандемијата. Превентивните мерки против КОВИД-19 може да се покажат корисни и во други вонредни здравствени состојби со слични карактеристики. Работодавачите и работниците треба веднаш да почнат со примена на мерките за спречување и ублажување, дури и да не се идентификувани случаи на  КОВИД-19 во заедниците во кои што работат.

## 4. КОВИД-19 - АКЦИСКА ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ЗА МСП: ПРЕГЛЕД И КАКО ДА СЕ КОРИСТИ ОВАА ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА

Акциската листа за проверка за КОВИД-19 за МСП е едноставна алатка за да им се помогне на МСП да го подготват својот одговор на пандемијата на КОВИД-19 преку проценка на ризикот за претпријатието, погрижувајќи се претпријатието да е подготвено за тековната, но и за идни епидемии (на пр. инфлуенца). Акциската листа за проверка се состои од пет контролни точки (I до V) поделени во 30 акции.

## КАКО ДА СЕ КОРИСТИ ОВАА ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА

- 1. Назначете тим што вклучува претставници од високото раководство, надзорници, работнички претставници и одговорните лица за безбедност и здравје при работа во претпријатието.
- 2. Информирајте и обучете го тимот за чекорите за спроведување на листата за проверка (видете ги контролните точки I до V и дејствата 1 до 30 подолу, како и дополнителните детални белешки дадени во дел 5).
- 3. Пополнете ја листата за проверка и запишете ги резултатите од вашата проверка.
- 4. Планирајте, во тимот, каква мерка треба да се преземе, кој треба да ја преземе мерката и кога. Побарајте начин за примена на мерката и, ако е потребно, побарајте совет од раководителот во соодветната област или од работниците.
    - Ако мерката веќе е спроведена или не е потребна, означете „**НЕ”** под заглавјето „**Дали предлагате дејство**.”
    - Ако сметате дека мерката би била корисна, означете „**ДА”**.
    - Искористете го просторот под заглавјето „**Забелешки”** за да додадете коментари, опишете некоја ситуација или додадете сугестија.
- 5. Повторно разгледајте ги сите ставки во коишто сте означиле „**ДА”**. Изберете ги ставките што сметате дека се најважни и означете ги како „**Приоритет”.***
- 6. Веднаш по пополнувањето на **листата за проверка, организирајте групна дискусија** со тимот за да изготвите сугестии за раководството (Искуството покажува дека овој чекор е од суштинско значење за промовирање позитивни промени).
- 7. Презентирајте му ги резултатите од групната дискусија на раководството за планирање на континуираното спроведување на подобрувањата.

Тимот не треба да се колеба да побара појаснувања од надлежните органи за безбедност и здравје при работа, инспекторатите на трудот, националните организации за безбедност или националните професионални здруженија за безбедност и здравје при работа и од организациите на работодавачите и на работниците.

<u>Ова не претставува исцрпна листа на сите потребни мерки. Тимот треба да ги додаде во листата за проверка сите дополнителни ставки што смета дека се соодветни за подобрување на одговорот на КОВИД-19 на работното место.</u>

Раководството треба да ги почитува националните законски обврски за воспоставување план за превенција и контрола на КОВИД-19 во своето претпријатие.

* Приоритетите треба да се утврдат во согласност со поголемата или помалата веројатност некоја ситуација да влијае врз здравјето на работниците, нејзината сериозност и итност.

## I. СОБИРАЈТЕ И СПОДЕЛУВАЈТЕ АЖУРИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

**1 Редовно советувајте се со службите за медицина на труд, локалниот орган за јавно здравје или други партнери што можеби имаат изготвено материјали за промовирање на превенцијата на ризикот од изложеност на вирусот на работното место, или други технички совети.**



Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**2 Воспоставете на работното место систем за споделување најнови и сигурни информации за работниците за најновата состојба со КОВИД-19, упатувајќи на информациите што ги објавуваат националните или локалните здравствени власти..**

Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

## ▶ II. ИЗРАБОТЕТЕ ПЛАН ЗА ПОДГОТВЕНОСТ НА КОМПАНИЈАТА

**3 Изгответе и објавете изјава за посветеноста и одговорностите на раководството за намалување на ризикот од изложување на вирусот и пренесувањето на КОВИД-19 на работното место во консултации со претставниците на работниците.**



Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**4 Изгответе план за подготвеност и одговор за превенција на КОВИД-19 на работното место, земајќи ги предвид сите работни области и задачи што ги вршат работниците и потенцијалните извори на изложување.**



Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**5 Интегрирајте ги безбедноста и здравјето во вашиот план за непредвидени околности и континуитет во работењето и земете ги предвид останатите барања во врска со трудот, вклучително и кога операциите мора да се вршат со редуцирана работна сила.**



Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**6 Изгответе план за тоа што треба да се направи ако се идентификува потврден или сомнителен случај на КОВИД-19 на работното место што, меѓу другото, вклучува известување, следење и дезинфекција во согласност со националните упатства.**

Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**7 Воспоставете систем за следење и евалуација на стратегиите и плановите за превенција на КОВИД-19.**



Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

## ▶ III. НАПРАВЕТЕ ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

**8** **Мапирајте ги опасностите на сите операции и опфатете ги сите работни места.**

**Дали предлагате дејство?**

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**9** **Проценете го ризикот од потенцијалните интеракции на работниците, изведувачите, клиентите и посетителити на работното место и можноста за контаминација на работната средина, и спроведете мерки за да одговорите на идентификуваните ризици.**

**Дали предлагате дејство?**

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

## ▶ IV. ОРГАНИЗИРАЈТЕ ЈА РАБОТАТА

**10** **Промовирајте работа на далечина за работниците што не се неопходни за да го минимизирате ширењето на КОВИД-19 на вашето работно место.**



**Дали предлагате дејство?**

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**11** **Ако работата на далечина не е можна, воведете работа во смени за да избегнете големи концентрации на работници во објектите.**

**Дали предлагате дејство?**

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**12** **Треба да се избегнува патување ако не е неопходно. Проценете го ризикот од инфекција со КОВИД-19 кога се планира работно патување (за сите фази од патувањето и работните задачи).**

**Дали предлагате дејство?**

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**13** **Избегнувајте состаноци лице в лице; дајте им предност на телефонските повици, електронската пошта или виртуелните состаноци. Ако треба да организирате состаноци во живо, организирајте го просторот за да овозможите физичко дистанцирање.**

**Дали предлагате дејство?**

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**14** **Обучете ги раководството, работниците и нивните претставници за донесените мерки за спречување на ризикот од изложување на вирусот и за тоа како да постапат во случај на инфекција со КОВИД-19. За работниците под висок ризик, оваа обука треба да вклучува правилна употреба, одржување и фрлање на личната заштитна опрема (ЛЗО).**

**Дали предлагате дејство?**

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет

Забелешки:

**15** **Помогнете им на доставувачите, возачите на камиони и другите транспортни работници да го сведат на минимум директниот контакт со клиентите и погрижете се да се спроведуваат практиките за лична хигиена, како миење раце и користење на средства за дезинфекција на рацете. Имајте предвид дека треба да обезбедите лична заштитна опрема ако работниците се во непосреден контакт со клиентите.**

**Дали предлагате дејство?**

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**16** **Организирајте ја работата на начин што ќе овозможи физичко дистанцирање од најмалку 2 метри од останатите луѓе или друго растојание што е пропишано од релевантниот надлежен орган.**




Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**17** **Обезбедете им на вработените, клиентите и посетителите доволно и лесно достапни места каде што може да ги измијат рацете со сапун и вода, или да ги дезинфицираат рацете со средства за дезинфекција и промовирајте култура на миење раце.**



Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**18** **Поставете диспензери со средства за дезинфекција на раце на видни локации на работното место и погрижете се тие редовно да се полнат.**

Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**19** **Промовирајте култура на редовно бришење на работните маси и работните станици, кваките на вратите, телефоните, тастатурите и работните предмети со средство за дезинфекција и вршете редовна дезинфекција на заедничките простории, вклучително и тоалетите. Површините што често се допираат треба почесто да се чистат. Во зависност од специфичните операции, размислете за ангажирање служби за чистење и дезинфекција.**



Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**20** **Подобрете ја издувната вентилација и зголемете го доводот на чист воздух во просториите и операциите со висок ризик од изложеност на вирусот.**



**Дали предлагате дејство?**

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**21** **Промовирајте и ширете добра респираторна хигиена на работното место, како што е покривањето на устата и носот со внатрешната страна на лактот или со марамче при кашлање или кивање.**



**Дали предлагате дејство?**

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**22** **Осигурете социјално дистанцирање на работното место и избегнувајте „места на собирање и дружење“ колку што е можно повеќе.**




**Дали предлагате дејство?**

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**23** **Обезбедете соодветни заштитни маски за лице и снабдувајте ги работните места со хартиени марамчиња што ќе ги користат лицата што им тече носот или што кашлаат, но и затворени канти за хигиенско фрлање на марамчињата.**



**Дали предлагате дејство?**

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**24** **Предвидете како ќе се врши изолација на лице што ќе пројави симптоми на КОВИД-19 на работното место додека да се изврши префрлување до соодветната здравствена установа. Договорете дезинфекција на работното место и здравствен надзор врз лицата што се или што биле во близок контакт со лицето што развило симптоми.**

Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

## ▶ V. ЗАШТИТЕТЕ И ПОДДРЖЕТЕ ГИ РАБОТНИЦИТЕ

**25** **Во согласност со националните стандарди, проширете го пристапот до платено боледување, надоместоци во случај на болест и родителски отсуства/отсуства за нега и информирајте ги сите работници.**

Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**26** **Информирајте ги работниците дека секој од нив има право да се оддалечи од некоја работна ситуација што претставува непосредна и сериозна опасност по нивниот живот или здравје, во согласност со националното законодавство и воспоставените процедури, за што веднаш треба да го информира својот директно претпоставен.**

Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**27** **Одржувајте редовна комуникација со работниците и претставниците на работниците, вклучително и преку интернет, или, кога тоа не е можно, по телефон.**

Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:



**28** **Помогнете им на работниците да се справат со сите нови психосоцијални ризици или нови видови работни аранжмани, и да се залагаат и одржуваат здрав начин на живот, вклучително и во однос на исхраната, одморот и спиењето, вежбањето и социјалните контакти со пријателите и семејството.**

Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**29** **Во согласност со упатствата на локалните власти, охрабрете ги работниците што пројавуваат симптоми на КОВИД-19 да не доаѓаат на работа и да ги следат и другите аспекти опфатени со овие упатства.**

Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

**30** **Советувајте ги работниците да се јават на својот давател на здравствени услуги или на подрачната единица на центрите за јавно здравје ако имаат сериозно нарушување на здравјето, како отежнато дишење, и да им дадат детални податоци за своите неодамнешни патувања и за симптомите.**



Дали предлагате дејство?

НЕ ☐ ДА ☐ Приоритет ☐

Забелешки:

# 5. КОВИД-19 - АКЦИСКА ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ЗА МСП: ДЕТАЛНИ БЕЛЕШКИ ЗА ТОЧКИТЕ ЗА ПРОВЕРКА

Во натамошниот текст дадени се детални белешки за контролните точки I до V (вклучително и акциите 1 до 30) од Акциската листа за проверка на МСП.

- СОБИРАЈТЕ И СПОДЕЛУВАЈТЕ АЖУРИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
- ИЗРАБОТЕТЕ ПЛАН ЗА ПОДГОТВЕНОСТ НА КОМПАНИЈАТА
- НАПРАВЕТЕ ПРОЦЕНКА НА РИЗИК
- ОРГАНИЗИРАЈТЕ ЈА РАБОТАТА
- ЗАШТИТЕТЕ И ПОДДРЖЕТЕ ГИ РАБОТНИЦИТЕ

## КОНТРОЛНА ТОЧКА I. СОБИРАЈТЕ И СПОДЕЛУВАЈТЕ АЖУРИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

### 1 БАРАЈТЕ ИНФОРМАЦИИ И ПОДДРШКА

Редовно советувајте се со службите за медицина на труд, локалниот орган за јавно здравје или други партнери што можеби имаат изготвено материјали за промовирање на превенцијата на ризикот од изложеност на вирусот на работното место, или други технички совети.

**Белешки:** Потребно е да се собираат и анализираат конкретни и сигурни информации за КОВИД-19. Тука може да се опфатат документи и други публикации на домашни и меѓународни организации за безбедност и здравје и агенции или министерства за здравство, труд или транспорт, но и ревидирана научна литература и сл.

На пример, многу е важно да се знае бројот на случаи на КОВИД-19 во местото каде што се наоѓа претпријатието, зашто тоа е корисно за да се процени ризикот од пренос од заедницата.

Тука многу е важно информациите да се преземаат од сигурни извори. Во време на епидемија, бргу се шират секакви информации од разни извори, вклучително и гласини, озборувања и несигурни информации, што може да создаде паника кај поширокото население.

Поради новата природа на вирусот и тековниот напредок во научните сознанија, неопходно е да се внимава добиените информации редовно да се следат и ажурираат преку моментална размена на информации, совети и мислења на здравствените експерти или власти.



## 2 ИНФОРМИРАЈТЕ

Воспоставете на работното место систем за споделување најнови и сигурни информации за работниците за најновата состојба со КОВИД-19, упатувајќи на информациите што ги објавуваат националните или локалните здравствени власти.

**Белешки:** Ваквите информации треба да им се даваат на работниците на начин што е лесен за користење и што секој може да го разбере. Информациите може да ги споделувате и со вашите клиенти, соседни претпријатија и други деловни партнери.

## ▶ КОНТРОЛНА ТОЧКА II. ИЗРАБОТЕТЕ ПЛАН ЗА ПОДГОТВЕНОСТ НА КОМПАНИЈАТА

## 3 ИЗЈАВА

Изгответе и објавете изјава за посветеноста и одговорностите на раководството за намалување на ризикот од изложување на вирусот и пренесувањето на КОВИД-19 на работното место во консултации со претставниците на работниците.

**Белешки:** Јасната заложба на највисокото раководство претставува цврста основа за делотворна соработка меѓу работодавачите и нивните работници. Побарајте работниците да ви дадат идеи и мислења како заедно можат да го заштитат своето здравје и работното место од КОВИД-19 и од идни епидемии. За таа цел, потребно е да се одржуваат редовни состаноци на кои тие ќе го дадат својот придонес.



## 4 ПЛАН

Изгответе план за подготвеност и одговор за превенција на КОВИД-19 на работното место, земајќи ги предвид сите работни области и задачи што ги вршат работниците и потенцијалните извори на изложување.

**Белешки:** Како дел од системите за управување со безбедноста и здравјето на работа, претпријатијата треба да имаат соодветни аранжмани за превенција на итни состојби, подготвеност и одговор за разни сценарија, вклучително и за епидемии. Таквите аранжмани треба да соодветствуваат на природата и големината на претпријатијата и да се утврдат во соработка со надворешни служби за итни состојби и со надлежните власти. Процедурите за интерна и екстерна комуникација треба да се добро дефинирани и јасни, вклучувајќи и подготвени информации за воспоставување контакт со локалните служби за одговор на итни состојби. Потребно е да се подготват и снабдат мерки за прва помош, медицинска помош, за превенција и заштита од пожари, рути и планови за евакуација, како и одговорен персонал.  Потребно е да се спроведуваат периодични обуки и вежби за да се постигне подготвеност во секое време.

Во таа насока треба да се развие и конкретен план за подготвеност и одговор за превенција на КОВИД-19 на работното место кој ќе се интегрира во политиките за БЗР.

Работниците треба да се вклучени во секој чекор од изработката на овие планови; треба да се поттикнуваат да даваат свој придонес кој потоа ќе се земе предвид при изработката.

Таквите планови треба да понудат практични начини како да се заштитат работниците, вклучувајќи и медицинска заштита, промовирање лична хигиена и промена на работната организација (видете контролни точки III и IV). Тоа е заеднички напор што овозможува сите вработени, работниците и работодавачите (раководството) да се чувствуваат горди и вклучени како активни учесници во потрагата по безбедно и здраво работно место во секое време.

## 5 ПЛАН ЗА КОНТИНУИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО




Интегрирајте ги безбедноста и здравјето во вашиот план за непредвидени околности и континуитет во работењето и земете ги предвид останатите барања во врска со работата, вклучително и кога операциите мора да се вршат со редуцирана работна сила.

**Белешки:** Планот за континуитет во работењето што е изработен со целосно учество на работниците ќе ви помогне да ги идентификувате ризиците што може да влијаат на специфичен бизнис или организација во криза и да изготвите стратегии за да се намали влијанието.

Планот треба да опфати клучни мерки со кои ќе се одржи работењето во вонредни услови поради пандемијата (работа на далечина, работа во смени и други невообичаени работни аранжмани со намалена работна сила), вклучително и во поглед на доставувањето на суровини, залиха на готовина за итни случаи, готовински текови од банки, превозни средства и испорачување на производи до клиентите. Планот треба да се сподели со сите работници, изведувачи и снабдувачи.

## 6 ПЛАН ЗА РАБОТНИЦИ КОИ СЕ ПОТВРДЕНИ ИЛИ СОМНИТЕЛНИ СЛУЧАИ

Изгответе план за тоа што треба да се направи ако се идентификува потврден или сомнителен случај на КОВИД-19 на работното место што, меѓу другото, вклучува известување, следење и дезинфекција во согласност со националните упатства.

**Белешки:** Следењето на здравствената состојба е важна превентивна мерка. Претпријатијата треба да ја следат здравствената состојба на работниците, да изготват протоколи за потврдени и сомнителни случаи на КОВИД-19 и да обезбедат заштита на медицинските и личните податоци во согласност со домашните закони и упатства.

Кога ќе се идентификуваат лица што имале близок контакт со лица заразени со КОВИД-19, треба да се упатат да ги следат инструкциите на медицинската служба или нивниот здравствен работник и здравствените власти.

Треба да се дефинираат протоколи за да останат дома сите работници што ќе развијат симптоми или за кои ќе се потврди дека имаат КОВИД-19. Постерите треба да ги информираат работниците дека треба да останат дома и да побараат лекарска помош ако им се појават симптоми на КОВИД-19. Овие протоколи треба да се споделат со сите работници, на пример преку постери што ќе бидат истакнати на видни места, вклучително и на влезот на претпријатието. Овие постери треба да опфатат и информации за хигиенските мерки (на пр. за миење раце и респираторен бон-тон, опишани подолу).

Треба да се активираат и административни процедури за да се осигури дека сите работници ќе ги добијат надоместоците утврдени со закон (види контролна точка V, дејство 25).

### 7 МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Воспоставете систем за мониторинг и евалуација на стратегиите и плановите за превенција на КОВИД-19.

**Белешки:** Стратегиите и плановите за превенција треба редовно да се ревидираат за да се обезбеди нивна континуирана соодветност.

Планот за подготвеност на компанијата треба да биде соодветен на намената. Подгответе нацрт-план и развијте го чекор по чекор, со внесување ажурирани информации и барања и нови идеи.

Потребно е континуирано следење на условите за БЗР и вршење соодветни проценки на ризик за да се обезбеди сите контролни мерки да се адаптирани на променливата состојба во епидемијата, специфичните процесии што еволуираат, условите за работа и карактеристиките на работното место за време на, и по пандемијата. Претпријатијата треба да ги следат службите за медицина на трудот, локалните органи за јавно здравје и другите партнери за да добиваат информации, материјали и технички совет.

## ▶ КОНТРОЛНА ТОЧКА III. НАПРАВЕТЕ ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

### 8 МАПИРАЊЕ ОПАСНОСТИ

Мапирајте ги опасностите за сите операции и опфатете ги сите работни места.

**Белешки:** Опасност претставува сè што има потенцијал да предизвика штета по здравјето или безбедноста на луѓето. За да се направи проценка на ризикот од КОВИД-19, кога ќе се мапираат опасностите треба да се земе предвид дека опасноста е вирусот одговорен за КОВИД-19 и неговите карактеристики, вклучително и шемите на пренесување и опстојувањето на вирусот на разни површини.

Прошетајте се низ работните простории и видете што реално би можело да предизвика изложување на вирусот за да се идентификува кои работни активности и процеси и кои делови од работното место имаат потенцијал да доведат до заразување (контакт лице в лице или контакт на лице со опрема што можеби е контаминирана).

Иако идентификувањето на опасностите треба да се врши и во нормални работни околности, пандемијата наметнува потреба да се процени дали ризикот се менува како реакција на различните начини на работење. На пример, можеби ќе мора да се одржи производството со намален број на работници. Работењето со намалена работна сила може да ја зголеми веројатноста да дојде до професионални несреќи поради технички и човечки фактори, како помала контрола над машините, стрес или замор.

### 9 ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

Проценете го ризикот од потенцијалните интеракции на работниците, изведувачите, клиентите и посетителите на работното место и можноста за контаминација на работната средина, и спроведете мерки за да одговорите на идентификуваните ризици.

**Белешки:** За да се преземат соодветни мерки за да се заштитат работниците од професионалниот ризик од изложување на вирусот, онолку колку што реално е можно, работодавачите треба да направат проценка на ризикот.

Проценката на ризик е процес за проценка на ризиците по безбедноста и здравјето што произлегуваат од опасностите на работа.

Општо, професионалниот ризик е комбинација од веројатноста дека ќе дојде до опасен настан и сериозноста на повредата или штетата по здравјето на луѓето што би ја предизвикал тој настан.

Затоа, проценета на ризикот од зараза на работното место треба да го опфати следново:

- **Веројатноста** да се биде изложен/а на ризикот, притоа земајќи ги предвид карактеристиките на вирусот, вклучително и пренесувањето, на пр. од човек на човек преку мали капки од носот или устата, или пренесување преку предмети и површини што се контаминирани со капки.
- **Сериозноста** на последователните здравствени последици, земајќи ги предвид индивидуалните фактори, вклучително и возраста, постојните заболувања и здравствени состојби, како и мерките што се достапни за да се контролира влијанието на вирусот.

Проценката на ризик им овозможува на проценителите да одредат дали се преземени соодветни мерки на претпазливост и дали треба да се преземат натамошни чекори за да не им се нанесе штета на оние што се изложени на ризик, вклучително и работниците, изведувачите, клиентите и посетителите. Работодавачите имаат должност да ги ревидираат процените секогаш кога ќе дојде до промена во работниот процес и/или кога ќе се појават нови ризици или кога ќе се увиди дека мерките за контрола на ризикот не се доволни или соодветни.

Дејствата за спречување и ублажување на КОВИД-19 на работното место треба да се спроведуваат заедно со мерките што се однесуваат на други професионални ризици по безбедноста и здравјето.

## КАКО ДА ГИ ПРОЦЕНИТЕ РИЗИЦИТЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО

Следете ги овие 5 чекори:

- **Чекор 1** Идентификувајте ги опасностите.
- **Чекор 2** Идентификувајте кој и како може да се повреди.
- **Чекор 3** Оценете го ризикот– идентификувајте и решете кои се потребните мерки за контрола на ризикот по безбедноста и здравјето.
- **Чекор 4** Заведете кој е одговорен за спроведувањето на кои контролни мерки и колкав е рокот.
- **Чекор 5** Евидентирајте ги наодите, следете и ревидирајте ја проценката на ризик и ажурирајте ја по потреба.

Треба соодветно да се внимава да се избегнува спроведување мерки за спречување на изложување на ризикот ако тие создаваат нови извори на ризик. Важно е и дека треба да се адресираат одредени фактори, меѓу кои и безбеден превоз до и од работното место, достапност на вработените и службите што се клучни за безбедноста (одржување, прва помош, итни служби итн.), но и други.

Соработката со работниците, раководителите и персоналот за БЗР е клучна. Кога ќе се заврши проценката на ризикот, се подготвува акциски план во кој се наведуваат контролните мерки што ќе се имплементираат. Следејќи ја хиерархијата на контролите, со која се утврдува редоследот на приоритетот за превентивни и заштитни мерки, таквите мерки најпрво треба да имаат за цел да го отстранат ризикот, па ако тоа не е можно, тогаш да го минимизираат. Се претпочитаат колективни мерки што ги штитат сите (како работа на далечина, паравани, социјално дистанцирање) и, по потреба, тие се комбинираат со индивидуални мерки, како ЛЗО, кои се последната линија на одбраната.

Веројатноста за изложување на вирусот ќе се зголеми при контакт со повеќе луѓе. Па така, веројатноста за изложување на ризикот ќе се намали ако се избегнува контакт.

Секоја процена на ризик треба да го опфаќа целиот работен ден, но и ризиците што произлегуваат од патувањето до и од работа, пристапот до заеднички простории (како кафетерии или санитарни простории) и местата во зградата каде што циркулираат работниците.

## Хиерархија на контроли




**Отстранување/замена**. Бидејќи сè уште не е можно да се отстрани или замени професионалниот ризик (вирусот) ако повторно се отвори работното место, потребна е комбинација од други превентивни мерки за да се заштитат работниците од изложување на коронавирусот.

**Инженерски контроли.** Овие контроли подразбираат подобрување на вентилацијата со зголемување на стапката на вентилација во работната средина; поставување физички бариери, како проѕирни пластични заштити при кивање, или поставување прозорец/шалтер за услуга на клиентите кои би проаѓале со автомобил.

**Административни и организациски контроли.** Овие контроли опфаќаат промени во работните политики или процедури за да се редуцира или минимизира изложувањето на опасност, како воведување дополнителни смени; физичко дистанцирање; или добри практики за хигиена и контрола на инфекции, како за вработените, така и за работното место.

**ЛЗО.** Иако се смета дека инженерските и административните контроли се поделотворни, можно е да е потребна и ЛЗО за да се спречат одредени видови изложување, особено за најопасните занимања.

**За повеќе информации, Ве молиме прочитајте го документот „Безбедно и здраво враќање на работа за време на пандемијата на КОВИД-19“, достапен** тука.[5]

> **Маската може да создаде лажно чувство на сигурност кај лицето што ја носи, па да се намали практикувањето на признаените корисни превентивни мерки како физичкото дистанцирање и хигиена на рацете.**

## ▶ КОНТРОЛНА ТОЧКА IV. ОРГАНИЗИРАЈТЕ ЈА РАБОТАТА

### 10 РАБОТА НА ДАЛЕЧИНА

Промовирајте работа на далечина за работниците што не се неопходни за да го минимизирате ширењето на КОВИД-19 на вашето работно место.



**Белешки:** Секогаш кога е можно треба да се применува работа на далечина[6] зашто претставува добра превентивна мерка, особено за работниците со висок ризик (работници со хронични заболувања, работници во години). Надлежниот давател на услуги за професионално здравје или, онаму каде што има, лекарот по трудова медицина треба да укаже кои работници треба да имаат приоритет ако се ограничени можностите за работа од дома. Лицата со семејни потреби (како работници со деца, или кои негуваат старо лице, или со други членови на семејството што се високо ризични) треба исто така да се сметаат за кандидати за работа од дома.

Работата од дома прераснува во нов работен аранжман дури и за во времиња без пандемија. Придобивките за работниците опфаќаат намалување на времето поминато во превоз до работа и обратно, поголема автономија на работното време што води до поголема флексибилност во однос на организирањето на работното време, подобар севкупен баланс на работата и приватниот живот и зголемена продуктивност. Компаниите имаат корист од подобрениот баланс на работата и приватниот живот, што може да доведе до поголема мотивација, намален обрт на работници и зголемена продуктивност и ефикасност, како и намалување на потребата за канцелариски простор и поврзаните трошоци.

За да се постигне ефективност, работата од дома треба да се заснова на дијалог и соработка на раководството и работниците. Ова е особено важно кога се применува работа од дома на основа на полно работно време. Од суштинско значење е да им се даде на лицата што ќе работат од дома

5. https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_protect/---protrav/---safework/documents/briefingnote/wcms_745549.pdf
6. Работа на далечина е активност при која се работи од дома, а со канцеларијата се комуницира преку телефон, е-пошта или интернет.

и на раководителите пристап до соодветен хардвер и софтвер, техничка поддршка и обука. Но, не помалку важна е и потребата да се обезбеди безбедна работна средина, што подразбира мерки за прилагодување за лицата со попреченост и за справување со електронско малтретирање и домашно насилство.

Потребно е соодветно да се разгледаат и можните предизвици на работењето од дома (изолацијата, немањето интеракција во живо со соработниците, раководителите и клиентите).

## 11 РАБОТА ВО СМЕНИ

Ако работата на далечина не е можна, воведете работа во смени за да избегнете големи концентрации на работници во објектите.

**Белешки:** Кога природата на работата не дозволува работа од дома, смените се мерка со која може да се одржи нивото на вработеност, а да се овозможи помал број на присутни во објектот. Тоа воедно помага и да се одржува безбедна (физичка и социјална) дистанца на работното место.

Работата во смени треба да се планира врз основа на деловните потреби, обврските за безбедност и здравје и индивидуалните права и претпочитања на работниците. Понудете им на вработените избор од достапните смени во зависност од нивните индивидуални потреби и претпочитања, како нивниот здравствен статус, домашната состојба (обврски во домот) и индивидуалните разлики или претпочитања (пр. дали се ранобудници или не).

## 12 ПАТУВАЊЕ

Треба да се избегнува патување ако не е неопходно. Проценете го ризикот од инфекција со КОВИД-19 кога се планира работно патување (за сите фази од патувањето и работните задачи).

**Белешки:** Сите патувања што не се неопходни треба да се одложат. Ризикот од инфекција со КОВИД-19 треба да се процени за секоја фаза од неопходното работно патување и секоја работна задача. Потребни се информации за ограничувањето на патувањата и препораки издадени од домашни или меѓународни власти, и најновите информации за местата каде што се шири КОВИД-19 и здравствените ризици за патниците.

Погрижете се стручно лице да ги извести сите патници за превентивните мерки и, по потреба, снабдете ги со мали шишенца со алкохолно средство за дезинфекција на рацете.

Јавниот/колективниот превоз, особено оној што го користи поширокото население, како метроата, возовите и станиците (особено оние што ги опслужуваат големите градови) може да претставува ризик од изложување на вирусот. Другите видови превоз, како пешачење со одржување физичка раздалеченост од другите, или употреба на велосипед или автомобил може да се соодветни решенија за време на пандемијата,  па се претпочитаат првите две опции зашто се добри за заштита на природата и овозможуваат вежбање што е добро за здравјето.

## 13 СОСТАНОЦИ

Избегнувајте состаноци лице в лице; дајте им предност на телефонските повици, електронската пошта или виртуелните состаноци. Ако треба да организирате состаноци во живо, организирајте го просторот за да овозможите физичко дистанцирање.

**Белешки:** Секогаш кога е можно треба да се избегнуваат состаноците во живо и тие да се заменат со телефонски повици, видео конференции и кореспонденција преку е-пошта. Кога не може да се избегнат состаноците, мора да се обезбеди физичко дистанцирање.

## 14 ОБУКА

Обучете ги раководството, работниците и нивните претставници за донесените мерки за спречување на ризикот од изложување на вирусот и за тоа како да постапат во случај на инфекција со КОВИД-19. За работниците под висок ризик, оваа обука треба да вклучува правилна употреба, одржување и фрлање на ЛЗО.

**Белешки:** Програмите за обука треба да ги опфатат сите работници во претпријатието, треба да ги вршат компетентни лица и треба да ги опфатат мерките што се усвоени за минимизирање на преносот на вирусот на работното место. Тоа може да опфати хигиена на работното место, физичкото дистанцирање, здрави однесувања, прилагодени работни аранжмани (како работа од дома и флексибилни работни часови или паузи), идентификување и справување со сомнителните случаи на КОВИД-19 и, по потреба, и правилна употреба на ЛЗО.

## 15 ТРАНСПОРТНИ РАБОТНИЦИ

Помогнете им на доставувачите, возачите на камиони и другите транспортни работници да го сведат на минимум директниот контакт со клиентите и погрижете се да се спроведуваат практиките за лична хигиена, како миење раце и користење на средства за дезинфекција на рацете. Имајте предвид дека треба да обезбедите лична заштитна опрема ако работниците се во непосреден контакт со клиентите.

**Белешки:** Транспортните работници, како камионџиите и доставувачите, треба да добијат инструкции да ги ограничат контактите со клиентите, да одржуваат лична хигиена (миење раце/користење средства за дезинфекција на рацете) и треба да им се овозможи пристап до тоалети, гардероби и, по потреба, тушеви, при што ќе се одржува физичка дистанца и соодветна хигиена. Ако не може да се избегне директен контакт со клиентите или со други работници, работодавачот треба да обезбеди ЛЗО. Платежните операции треба колку што може да се вршат по електронски пат (банкарски трансфер) или со бесконтактно плаќање со кредитна картичка.

## 16 ФИЗИЧКО ДИСТАНЦИРАЊЕ

Организирајте ја работата на начин што ќе овозможи физичко дистанцирање од најмалку 2 метри од останатите луѓе или друго растојание што е пропишано од релевантниот надлежен орган.



**Белешки:** На работното место треба се воведат мерки за да се одржува растојание од најмалку 2 метри меѓу луѓето и да се избегнува директен физички контакт. Во различни земји може да се усвои различен стандард за минимално растојание, па затоа клучно е да се почитува физичката дистанца што ја пропишуваат надлежните органи. Бидејќи законот пропишува „минимален стандард", работодавачите секогаш можат да го зголемат растојанието ако тоа го дозволуваат работните простории и видот на работа.

**Растојанието од 2 метри меѓу работниците се смета за соодветно, освен ако не е поинаку уредено со националните упатства или со резултатите од проценката на ризикот.**

Онаму каде што не може да се примени растојание од најмалку 2 метри поради одредена активност, може да се применат алтернативни дејства за ублажување на ризикот, како распоредување на активностите; разместување на работниците да седат еден до друг или свртени обратно еден од друг, а не лице в лице; и поставување паравани или бариери на сите места каде што се врши редовна интеракција и нивно редовно чистење.

Параваните или бариерите треба да се непрекинати (без отвори и жлебови), непропустливи (водоотпорни за да ги блокираат респираторните капки) и транспарентни, и треба да се постават на местата што ги посетува јавноста. Тие не треба да го зголемуваат ризикот од паѓање или сопнување и не треба да ја попречуваат или забавуваат евакуацијата од претпријатието ако дојде до итен случај (пожар, експлозија, земјотрес итн.).



**ТРАНСПАРЕНТНИТЕ ПАРАВАНИ ПОМАГААТ ДА СЕ ИЗБЕГНУВА ДИРЕКТЕН КОНТАКТ МЕЃУ ЛУЃЕТО И ДА СЕ НАМАЛИ РИЗИКОТ ОД ИНФЕКЦИЈА.**

Треба да се промовира еднонасочно користење на ходниците/пасажите и скалите, а тоа треба и соодветно да се обележи.




Поставувањето ознаки на подот е исто така едноставен начин да се обележи потребната физичка дистанца што треба да се одржува на работното место.

Почетокот и крајот на смената може да наметнат предизвици за одржување на потребната физичка дистанца, но тие може да се надминат преку спроведувањето организациски мерки како редуциран контакт меѓу различни делови на претпријатието во тие моменти, или почнување/завршување со работа во различно време.

## 17 МИЕЊЕ РАЦЕ

Обезбедете им на вработените, клиентите и посетителите доволно и лесно достапни места каде што може да ги измијат рацете со сапун и вода, или да ги дезинфицираат рацете со средства за дезинфекција и промовирајте култура на миење раце.

**МИЕЊЕТО РАЦЕ СО САПУН И ВОДА СО МЕТОДОТ НА СЗО Е ЕДНОСТАВЕН И ДЕЛОТВОРЕН НАЧИН ДА СЕ НАМАЛИ РИЗИКОТ ОД КОВИД-19.**

**МИЈТЕ ГИ СО САПУН ДЛАНКИТЕ, ПРСТИТЕ, ЗГЛОБОВИТЕ И ОПАЧИНИТЕ НА ОБЕТЕ ДЛАНКИ.**

**МИЈТЕ ГИ РАЦЕТЕ РЕДОВНО И ЧЕСТО!**

**Белешки:** Личната хигиена треба да им се овозможи на сите што доаѓаат на работното место, не само за вработените, туку и за надворешните работници (на пр. камионџиите), клиентите, инспекторите и посетителите. Создадете услови за миење раце или поставете алкохолен гел (60% јачина) на самиот влез и низ работните простории. Станиците за миење раце треба да се одржуваат чисти, да овозможат миење раце со вода и сапун и треба да се снабдени со услови за сушење на рацете и со канти за фрлање на употребените материјали. Треба да се постават видливи знаци со инструкции за правилно миење на рацете на видни места за да се промовираат добрите практики.

Воспоставете практика во компанијата секој внимателно да ги мие рацете. Закачете постери што покажуваат како се мијат рацете според методот на СЗО. https://www.who.int/gpsc/5may/How_To_HandWash_Poster.pdf?ua=1



Навлажнете ги рацете со вода



Нанесете доволно сапун за да ја покриете целата површина на дланките



Истријте ги дланките една од друга



Поставете ја десната дланка врз надворешната страна на левата и тријте со испреплетени прсти, и обратно



Истријте ги дланките со испреплетени прсти



Свиткајте ги прстите и задната страна на прстите истријте ја со спротивната дланка



Со ротациски движења истријте го левиот палец со десната рака и обратно



Со споени прсти на десната рака со ротациски движења налево и надесно истријте ја левата дланка и обратно



Исплакнете ги рацете со вода



Добро избришете ги рацете со крпа за една употреба



Со истата крпа затворете ја славината



... и вашите раце се безбедни

## 18 СРЕДСТВО ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА

Поставете диспензери со средства за дезинфекција на раце на видни локации на работното место и погрижете се тие редовно да се полнат.

**Белешки:** Редовно и темелно дезинфицирајте ги рацете со алкохолно средство за дезинфекција ако немате пристап до сапун и вода. Нанесете на дланките количество колку една паричка. Нема потреба да користите големи количини од производот. Внимавајте да не ги допирате очите, устата и носот веднаш по нанесувањето на алкохолното средство за дезинфекција зашто може да предизвика иритација. За заштита од КОВИД-19 се препорачуваат средствата за дезинфекција на раце на база на алкохол, па затоа тие се запаливи. Не користете ги пред да работите со висока температура или пред други активности што може да доведат до палење на средството за дезинфекција. Запомнете дека миењето раце со сапун и вода е исто така делотворно против КОВИД-19.

Со миењето раце со сапун и вода или со употребата на алкохолно средство за дезинфекција на раце се убиваат вирусите што можеби се наоѓаат на вашите раце. Ако рацете се видно валкани, прво измијте ги со сапун и вода. Ако користите алкохолно средство за дезинфекција, внимавајте правилно да го употребувате и складирате.

## 19 ЧИСТЕЊЕ

Промовирајте култура на редовно бришење на работните маси и работните станици, кваките на вратите, телефоните, тастатурите и работните предмети со средство за дезинфекција и вршете редовна дезинфекција на заедничките простории, вклучително и тоалетите.  Површините што често се допираат треба почесто да се чистат. Во зависност од специфичните операции, размислете за ангажирање служби за чистење и дезинфекција.



**ЧИСТЕТЕ ГИ И ДЕЗИНФИЦИРАЈТЕ ГИ ПОДОВИТЕ, ЧЕШМИТЕ ЗА ВОДА И КВАКИТЕ НА ВРАТИТЕ КОЛКУ ШТО Е МОЖНО ПОЧЕСТО. ТИЕ МОЖАТ ДА БИДАТ ИЗВОР НА ИНФЕКЦИЈА ЗАШТО МНОГУ ЛУЃЕ СЕКОЈДНЕВНО ГИ КОРИСТАТ. ОБУЧЕТЕ ГИ ХИГИЕНИЧАРИТЕ КАКО ДА СЕ ЗАШТИТАТ.**

**Белешки:** Погрижете се редовно да се чистат и дезинфицираат предметите и површините што се допираат, како работните маси и работните станици, кваките на вратите, прекинувачите за светло, телефоните, тастатурите и работните предмети. Површините што често се допираат, вклучително и заедничките простори, кујните и просториите за подготовка на храна, бањите, тоалетите и работните површини треба почесто да се чистат и дезинфицираат.

Во зависност од операциите, може да се ангажира сервис за чистење и дезинфекција или да се назначи дополнителен персонал да ги завршува овие задолженија. Хигиеничарите треба да работат меѓу смените за да избегнуваат контакт со други лица. Останатиот персонал треба зад себе да ги остава просториите уредни за да не дојде до преоптоварување со чистење. Кај хигиеничарите може да е најголем ризикот од изложување на вирусот и на други опасности (како хемиски, физички и ергономски опасности), па затоа тие треба да се соодветно обучени за превентивните мерки. Работодавачите треба да им обезбедат соодветна лична заштитна опрема, вклучително и заштитни маски, гумени ракавици (запомнете дека употребата на ракавици не е замена за редовна хигиена на рацете!), престилки, капи и чизми.

Потребни им се и корпи за отпадоци обложени со пластични ќеси што може да се празнат без да се допира нивното полнење. Секогаш треба да има достапни хартиени марамчиња и средства за дезинфекција на раце и површини.

Службените возила исто треба редовно да се чистат (рачките и внатрешноста) и да се опремат со средства за хигиена и дезинфекција, хартиени крпи и вреќи за отпад.

Ако е изводливо, секој член на персоналот за одржување хигиена треба да користи и да води грижа за своите индивидуални алати, што треба редовно да се чистат и дезинфицираат (особено рачките, површините и прекинувачите на копче). Опремата што се користи колективно треба секој да ја чисти и дезинфицира меѓу употребите.

## 20 ВЕНТИЛАЦИЈА

Подобрете ја издувната вентилација и зголемете го доводот на чист воздух во просториите и операциите со висок ризик од изложување на вирусот.

**ОТВОРЕТЕ ГИ ПРОЗОРЦИТЕ ЗА ДА СЕ ЗГОЛЕМИ ВЕНТИЛАЦИЈАТА.**

**ПРОТОКОТ НА СВЕЖ ВОЗДУХ ГО НАМАЛУВА РИЗИКОТ ОД ИЗЛОЖУВАЊЕ НА ВИРУСОТ.**



**Белешки:** Подобрувањето на вентилацијата по пат на природно проветрување е делотворна мерка за да се отстрани вирусот во капките кои се многу ситни (оние што можат да лебдат во воздухот и да патуваат на поголема далечина). Со тоа се подобрува и хигиената и квалитетот на воздухот.

Мерка што лесно се применува е да ги отворите прозорците од спротивните страни на просторијата.

## 21 РЕСПИРАТОРНА ХИГИЕНА

Промовирајте и ширете добра респираторна хигиена на работното место, како што е покривањето на устата и носот со внатрешната страна на лактот или со марамче при кашлање или кивање.

**Белешки:** Респираторната хигиена е дел од личната хигиена и се состои од покривање на устата и носот со марамче за една употреба или, ако немате, во внатрешноста на лактот. Со оваа едноставна мерка значително се ограничува дисперзијата на респираторни капки во средината и се намалува ризикот од контаминирање на рацете. Веднаш по употребата фрлете го марамчето во најблиската канта за отпадоци, а потоа измијте и исушете (дезинфицирајте) ги рацете.

**АКО НЕ ВИ СЕ ДОСТАПНИ МАРАМЧИЊА, КИВАЈТЕ ИЛИ КАШЛАЈТЕ ВО ВНАТРЕШНОСТА НА ЛАКТОТ, А НЕ ВО РАЦЕТЕ.**

**ТОА МОЖЕ ДА ПОМОГНЕ ДА СЕ СПРЕЧИ ШИРЕЊЕТО НА РЕСПИРАТОРНИ ЗАБОЛУВАЊА КАКО КОВИД-19.**



## 22 СОЦИЈАЛНО ДИСТАНЦИРАЊЕ

Осигурете социјално дистанцирање на работното место и избегнувајте „места на собирање и дружење“ колку што е можно повеќе.

**Белешки:** Густината на луѓето присутни во објектот треба да се намали со обезбедување физичко растојание од најмалку 2 метри на работните места и заедничките простори, вклучително и во оставите и кујните.

Масите и столовите треба да се доволно раздалечени. Треба да се избегнуваат редови, а безбедното растојание лесно може да се одбележи со самолепливи ознаки на подовите пред штандовите со храна, местата за фрлање и собирање на ѓубрето и секаде каде што е потребно. По потреба може да се продолжи времето за послужување.

Онаму каде што се обезбедуваат оброци, за да се избегне собирање во кафетериите, кујните и мензите добра опција е да се служи пакувана храна и флаширана вода за пиење. Вработените треба да добијат инструкции еден по еден да влегуваат во просторијата за да си земат храна и пијалок.

Може да се одредат различни временски периоди за подигање храна за различни работни тимови или оддели.

За оваа намена идеално е да се користи голема, чиста и безбедна просторија, по можност со две врати, за да се обезбеди еднонасочен проток на пешаци.

На влезовите на тоалетите и гардеробите треба да се стават ознаки внатре да влегува само по едно лице. По избор, може да се применат и други соодветни мерки за да се обезбеди социјално дистанцирање (како прегради за простории, партиции итн.).

## 23 МАСКИ И МАРАМЧИЊА

Обезбедете соодветни заштитни маски за лице и снабдувајте ги работните места со хартиени марамчиња што ќе ги користат лицата што им тече носот или што кашлаат, но и затворени канти за хигиенско фрлање на марамчињата.




**НОСЕТЕ МАСКА АКО КАШЛАТЕ ИЛИ КИВАТЕ.**

**Белешки:** Потребно е да се обезбедат соодветни маски за лицата што ќе развијат симптоми (како растечен нос или кашлање), заедно со затворени контејнери за отпад во кои тие ќе се фрлаат. За нив треба да се обезбедат марамчиња за една употреба.

## 24 ИЗОЛАЦИЈА НА РАБОТНОТО МЕСТО

Предвидете како ќе се врши изолација на лице што ќе пројави симптоми на КОВИД-19 на работното место додека да се изврши префрлување до соодветната здравствена установа. Договорете дезинфекција на работното место и здравствен надзор врз лицата што се или што биле во близок контакт со лицето што развило симптоми.

**Белешки:** Во случај некое лице да развие симптоми на работното место, треба да се направат потребните аранжмани веднаш да се изолира лицето во посебна просторија. Потребно е да им се достави ЛЗО на безбеден начин. На пример, може да се остави во просторијата каде што ќе се изолира симптоматскиот работник уште пред да влезе таму. Ако тоа не е возможно, опремата може да се остави пред вратата на просторијата за изолација, од каде што ќе си ја земе симптоматскиот работник без притоа да дојде во контакт со друго лице. Работодавачите мора строго да се придржуваат до инструкциите издадени од здравствените власти.

Треба да се запомни дека иако повеќето пациенти со КОВИД-19 пројавуваат благи симптоми, ако се јават сериозни симптоми (како тешкотии при дишењето) потребно е да се обезбеди итна лекарска грижа во соодветна здравствена установа.

Претпријатијата треба да ја дезинфицираат работната средина во согласност со инструкциите што ги издаваат здравствените власти. Претпријатието треба да соработува ако треба да се идентификува кои соработници и други лица се можни контакти на инфицираните работници.

Работниците што прележале КОВИД-19 ќе се вратат на своите работни места откако ќе ги исполнат барањата на националните или локалните власти. Треба да се избегнува секаков вид дискриминација, обвинување или стигматизирање [7].

# ▶ КОНТРОЛНА ТОЧКА V. ЗАШТИТЕТЕ И ПОДДРЖЕТЕ ГИ РАБОТНИЦИТЕ

## 25 БОЛЕДУВАЊЕ И НАДОМЕСТОЦИ

Во согласност со националните стандарди, проширете го пристапот до платено боледување, надоместоци во случај на болест и родителски отсуства/отсуства за нега и информирајте ги сите работници.

**Белешки:** Онаму каде што националното законодавство не се произнесува по ова прашање, добра пракса е на работниците што се заболени од КОВИД-19 да им се исплаќа надомест на плата за боледување или надомест во случај на болест сè додека работниците не се способни да се вратат на работа за да им се надомести за прекинот во заработувањето како последица на болеста. Сите работници имаат право да добијат соодветни информации за редовните или продолжените надоместоци.

## 26 ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРАВАТА НА РАБОТНИЦИТЕ ДА СЕ ОДДАЛЕЧАТ ОД НЕПОСРЕДНА И СЕРИОЗНА ОПАСНОСТ

Информирајте ги работниците дека секој од нив има право да се оддалечи од некоја работна ситуација што претставува непосредна и сериозна опасност по нивниот живот или здравје, во согласност со националното законодавство и воспоставените процедури, за што веднаш треба да го информира својот директно претпоставен.

7. МОТ го дефинира стигматизирањето како искулучување, отфрлање или обезвреднување на пациентите и нивните семејства од страна на други лица поради верувањето дека се општествено неприфатливи или инфериорни.

**Белешки:** Според домашното законодавство, информирајте ги работниците дека секој има право да се оддалечи од некоја ситуација за која имаат разумно оправдување да веруваат дека претставува непосредна и сериозна опасност по нивниот живот или нивното здравје, но и дека треба веднаш да го известат директно претпоставениот.

## 27 КОМУНИКАЦИЈА СО РАБОТНИЦИТЕ

Одржувајте редовна комуникација со работниците и претставниците на работниците, вклучително и преку интернет или, кога тоа не е можно, по телефон.



**Белешки:** Со болните работници и нивните семејства, како и со работниците што привремено работат од дома, треба да се одржува комуникација за да им се даде потребната помош од компанијата и да им се даде морална поддршка.

## 28 ПСИХОСОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ

Помогнете им на работниците да се справат со сите нови психосоцијални ризици или нови видови работни аранжмани, и да се залагаат и да одржуваат здрав начин на живот, вклучително и во однос на исхраната, одморот и спиењето, вежбањето и социјалните контакти со пријателите и семејството.

**Белешки:** Погрижете се новите работни аранжмани (како работата од дома) соодветно да функционираат и да не создаваат или да не ги влошуваат психосоцијалните ризици. Во време на епидемија како КОВИД-19, целото население е изложено на зголемен стрес што може да има сериозни последици по менталното здравје, особено во случаи кога се изрекува задолжителна домашна изолација. Може да се акумулираат чувствата на несигурност и анксиозност како резултат на новите работни аранжмани. Со тоа се зголемува потребата да се засили контактот со лицата што работат од дома или се болни.

Останувањето во контакт со работниците воедно ќе послужи и да се идентификува дали на работниците им е потребна дополнителна техничка или психолошка поддршка.

Сега, повеќе од кога било, претпријатијата треба да ги поттикнуваат и советуваат своите работници да прифатат и одржуваат здрав начин на живот, зашто урамнотежената исхрана и доволното количество сон позитивно ќе влијаат на имунитетот, а вежбањето позитивно ќе влијае на расположението. Особено треба да се промовира вежбање кај лицата што се затворени во своите домови.

## 29 ОСТАНЕТЕ ДОМА

Во согласност со упатствата на локалните власти, охрабрете ги работниците што пројавуваат симптоми на КОВИД-19 да не доаѓаат на работа и да ги следат и другите аспекти опфатени со овие упатства.

**Белешки:** Работниците што ќе развијат симптоми на КОВИД-19 не смеат да пристапат на работното место. Тие треба да останат дома и да ги следат инструкциите на здравствените власти. Повеќето земји имаат подготвено упатства (како посебна телефонска линија со 24 часовна поддршка од страна на обучен здравствен персонал) што јавноста треба да ги следи во случај на симптоми на КОВИД-19.

Службите за професионално здравје го надгледуваат следењето на здравјето на работниците на работното место и затоа се одговорни, меѓу другите функции, да ги следат потврдените и сомнителни случаи; да следат секакво потенцијално заразување и да ги упатуваат работниците во карантин; и да ги известуваат службите за јавно здравје и социјална заштита.

## 30 СОВЕТУВАЈТЕ ГИ РАБОТНИЦИТЕ

Советувајте ги работниците да се јават на својот давател на здравствени услуги или на подрачната единица на центрите за јавно здравје ако имаат сериозно нарушување на здравјето, како отежнато дишење, и да им дадат детални податоци за своите недамнешни патувања и за симптомите.

**Белешки:** Многу е важно да се јавите кај вашиот давател на здравствени услуги (на пр. општ лекар) или кај локалните органи за јавно здравје откако ќе развиете симптоми што укажуваат на КОВИД-19, особено ако имате сериозни симптоми. Потребно е да им се дадат релевантни информации на работниците (телефонски броеви и информации за контакт) и тие треба да се истакнати на работното место.

Со здравствените власти треба да се споделат информации за недамнешни патувања (во земјата и во странство) зашто можеби ќе треба да се следат, на пример, контактите остварени во текот на патувањето (патници на ист авион, воз или брод, присутни на состаноците, хотелски персонал итн.). Доколку се работи за деловно патување, ќе биде контактиран и работодавачот.



**ОСТАНЕТЕ ДОМА АКО ИМАТЕ СИМПТОМИ НА КОВИД-19 И СЛЕДЕТЕ ГИ НАСОКИТЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ ВЛАСТИ.**

# 6. АКЦИСКИ ПЛАН И ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

Акцискиот план и последователните активности за планираните подобрувања може да се подготват со помош на образецот приложен во Анекс I.

**Назначување одговорност за спроведувањето на контролните мерки и временска рамка**

Кога ќе се утврдат мерките за контрола на ризиците, работодавачите треба да преземат дејства за да ги спроведат. Исто треба да назначат и кој ќе биде одговорен во претпријатието за нивното спроведување во разумен временски рок и за евидентирање на датумите кога е постапувано и кога се активирани мерките.

Предложените дејства се однесуваат на три јасни прашања:

- Кој ќе го преземе дејството во претпријатието?
- До кога ќе се преземе дејството?
- На кој датум се воспоставени или активирани мерките за контрола на ризикот?

Тоа значи дека за секоја контролна мерка наведена во листата за проверка треба да се наведе лицето што е одговорно за спроведување на мерката (или лицата), заедно со рокот за нејзиното исполнување. Акцискиот план треба да се ажурира кога контролната мерка успешно ќе се постави или активира.

Кога го проценувате ризикот, често може да наидете на повеќе проблеми отколку што можете да решите во исто време. Затоа важно е да се утврдат приоритетите и најпрво да се постапува по најсериозните ризици. Тоа ќе помогне да ги заштитите вашите работници и да постигнете ефикасност и исплатливост на мерките за контрола на ризиците.

Проценките за ризик за МСП не мора да бидат академски трудови, но намерата е секогаш работодавачот во претпријатието да добие препораки кои ќе ги спроведе. Затоа акцискиот план треба да е практичен и темелен.

**Следење на делотворноста на контролните мерки**

Работодавачите треба да ја следат и проверат делотворноста на предложените дејства и да се погрижат дека ќе се одржуваат мерките. Особено:

- Дали функционираше мерката?
- Дали се намалија ризиците и дали се работниците подобро заштитени?
- Кој ќе следи и проверува дали контролните мерки и понатаму се делотворни?
- Кој ќе провери дали се потребни нови/дополнителни мерки?

## Преглед и ажурирање на листата за проверка

Проверката на ризик не е активност што се спроведува само еднаш. Треба повремено да се ревидира, во согласност со промената на ситуацијата со пандемијата, новите докази, новите барања и промените на работните аранжмани.

Погледнете ја повторно акциската листа за проверка. Дали се настанати промени? Дали сè уште треба нешто да се подобри? Дали вашите вработени забележале некаков проблем? Внимавајте проценката на ризик секогаш да ви е ажурирана. Ако има значителни промени, не чекајте. Проверете ја акциската листа за проверка и, по потреба, изменете ја.

## ПОРАКИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ЗАПОМНАТ

Засега знаеме дека вирусот КОВИД-19 се пренесува од човек на човек преку капки. Најизложени на инфекција се оние луѓе што се во контакт со пациент со КОВИД-19 (како здравствениот персонал или луѓето што живеат во истата куќа). Превентивните мерки и мерките за ублажување се клучни.

### НАЈДЕЛОТВОРНИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА ЗАЕДНИЦАТА/РАБОТНОТО МЕСТО СЕ:

- често одржување хигиена на рацете – миење со сапун и вода;
- зачестено чистење и дезинфекција на предметите и површините што редовно се допираат, вклучително и заедничките простории, површините, подовите, тоалетите/бањите и гардеробите;
- да не се допираат очите, носот и устата;
- практикување респираторна хигиена со кивање и кашлање во внатрешноста на лактот или марамче што потоа веднаш ќе се фрли;
- носење медицинска маска ако имате респираторни симптоми и одржување хигиена на рацете веднаш по фрлањето на маската;
- одржување физичка дистанца од другите (минимум 2 метри).

Прилагодено од: СЗО: https://www.who.int/publications-detail/considerations-for-public-health-and-social-measures-in-the-workplace-in-the-context-of-covid-19

„Безбедноста и здравјето при работа може да спасат животи“ е темата на Светскиот ден на безбедноста и здравјето при работа за 2020 год.

Во Стогодишната декларацијата на МОТ за иднината на работата се наведува дека „безбедните и здрави работни услови се фундаментални за достоинствената работа”[8] а со оваа пандемија Стогодишната декларација е уште позначајна. Деловниот свет, во кој МСП имаат важна улога, навистина може да биде клучен за превенцијата и спречувањето на пандемијата на КОВИД-19.

8. Текстот на Стогодишната Декларација на МОТ за иднината на работата од 21 јуни 2019 год. е достапна на: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/@ed_norm/@relconf/documents/meetingdocument/wcms_711674.pdf

# Анекс 1: Акциски план и образец за последователни активности за Акциската листа за проверка за КОВИД-19 за МСП

## 1. АКЦИСКО ПЛАНИРАЊЕ

Одделение/оддел/операција : ________________________________________________

_____________________________________________________________________________

Датум: __________________ Група: __________________

Контролни точки*

[ ] I. Собирајте и споделувајте ажурирани информации

[ ] II. Изработете план за подготвеност на компанијата

[ ] III. Направете проценка на ризик

[ ] IV. Организирајте ја работата

[ ] V. Заштитете и поддржете ги работниците

____________________________________________________________________

Локација

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Опис на очекуваното подобрување

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Кои се потребните подобрувања?

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

Зошто се потребни?

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

Вештини и техники што се потребни за спроведувањето:

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

* Треба да се користат посебни листови за подобрувањата што се планираат во различни технички области

Поддршката што е потребна за спроведување на подобрувањето или подобрувањата (вклучително и од надлежните органи за БЗР)

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

Потребно време за завршување на подобрувањето: ___________________

Приближен датум на завршување

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

## 2. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ АКТИВНОСТИ: (ИНФОРМАЦИИ ЗА ИЗВРШЕНОТО ПОДОБРУВАЊЕ ИЛИ ПОДОБРУВАЊА)

Датум:________________________________ Група:____________________

Одделение/оддел/операција: __________________________________________

Назив на подобрувањето што е извршено/во тек:

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Контролни точки:

[ ] I. Собирајте и споделувајте ажурирани информации

[ ] II. Изработете план за подготвеност на компанијата

[ ] III. Направете проценка на ризик

[ ] IV. Организирајте ја работата

[ ] V. Заштитете и поддржете ги работниците

Датум на спроведување на подобрувањето:

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Преглед на извршените акции.

- Дали се намалија ризиците и дали се работниците подобро заштитени?
- Дали контролните мерки сѐ уште се делотворни?
- Кој ќе провери дали се потребни нови/дополнителни мерки?

Име на одговорното лице/лица:

_____________________________________________________________________

# Анекс II: Извори на информации

Германија, Сојузно министерство за труд и социјална политика. 2020. SARS-CoV-2 Occupational Safety and Health Standard. 16 април.

МОТ. 2013. *Training Package on Workplace Risk Assessment and Management for Small and Medium-Sized Enterprises*.

–––. 2019. *A Qualitative Study on Stigma And Discrimination Experienced by IndigeHEus Peoples Living with HIV or Having TB at Work*.

–––. 2020. *In the Face of a Pandemic: Ensuring Safety and Health at Work*.

–––. 2020. "ILO Monitor: COVID-19 and the World of Work: Updated Estimates and Analysis". Трето издание, 29 април.

–––. 2020. "ILO Standards and COVID-19 (Coronavirus). Key Provisions of International Labour Standards Relevant to the Evolving COVID-19 Outbreak". Верзија 1.2, 23 март.

–––. 2020. "World Employment and Social Outlook: Trends 2020: Data Finder".

Kawakami, Tsuyoshi. 2009. *Protecting Your Employees and Business from Pandemic Human Influenza: Action Manual for Small and Medium-sized Enterprises*.

САД, ЦДЦ. "Image Library".

–––. "Implementing Safety Practices for Critical Infrastructure Workers Who May Have Had Exposure to a Person with Suspected or Confirmed COVID-19" Interim Guidance".

–––. "Symptoms of Coronavirus".

СЗО. 2020. "Coronavirus Disease 2019 (COVID-19): Situation Report –95". 24 април.

–––. 2020. "Getting your Workplace Ready for COVID-19". 3 март.

–––. 2020. "Modes of Transmission of Virus Causing COVID-19: Implications for IPC Precaution Recommendations: Scientific Brief". 29 март.

–––. 2020. "Rational Use of Personal Protective Equipment (PPE) for Coronavirus Disease (COVID-19): Interim Guidance". 19 март.

## Корисни линкови

### МОТ

КОВИД-19 и светот на работата: https://www.ilo.org/global/topics/coronavirus/lang--en/index.htm

Безбедно и здраво враќање на работа за време на пандемијата на КОВИД-19: https://www.ilo.org/global/topics/safety-and-health-at-work/resources-library/publications/WCMS_745549/lang--en/index.htm

Безбедно враќање на работа: Десет акциски точки https://www.ilo.org/global/topics/safety-and-health-at-work/resources-library/publications/WCMS_745541/lang--en/index.htm

### СЗО

Информации каде се шири КОВИД -19: https://www.who.int/emergencies/diseases/HEvel-coronavirus-2019/situation-reports/

Совет и насоки за КОВИД - 19: https://www.who.int/emergencies/diseases/HEvel-coronavirus-2019

### Европска Унија

Европска агенција за безбедност и здравје при работата: https://osha.europa.eu/en/themes/covid-19-resources-workplace

Европски центар за спречување и контрола на заболувањата: https://www.ecdc.europa.eu/en/covid-19-pandemic

### Соединетите Американски Држави

Центри за спречување и контрола на заболувањата (информациите се достапни и на шпански, и на други јазици): https://www.cdc.gov/coronavirus/2019-nCoV/index.html

Governance Department
International Labour Office
Route des Morillons 4
CH-1211 Geneva 22
Switzerland
Tel: +41 22 799 67 15
labadmin-osh@ilo.org

**www.ilo.org/labadmin-osh**

Финансирано од
Европската Унија